**З А П И С Н И К**

**Од вонредна седница на Советот на општина Василево**

Советот на општина Василево одржа вонредна седница на ден 15.04.2019 година (Понеделник) со пчеток во 12.оо часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваше советниците: Атанас Ристов , Наце Коцев и Ракип Асанов.

На седницата присуствуваше Марјан Јанев градоначалник на општина Василево, Верче Миткова, Горан Андонов и Славе Андонов претставници од општинската аддминистрација.

Претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев пред да го предложи дневниот ред за работа на вонредната седницата побара од градоначалникот Марјан Јанев да даде образложение за причината поради кој се свикува вонредна седница на Советот на општина Василево.

Марјан Јанев градоначалник на општина Василево рече дека Советот на општина Василево треба да донесе Предлог-одлуката за сопствено учество на општина Василево за реализација на проектот за регулација на канал во с. Градашорци. Вкупните средства за регулација на каналот во Градошорци, за кој што општината има изготвено техничка документација, изнесува околу 8.700.000 денари. Согласно апликацијата со која општината ќе учествува на јавниот повик, учеството на општина Василево изнесува 35% односно 3.035.622 денари, и учеството на Министерството за животна средина со средства во висина од 5.637.584 денари или 65% од вкупните планирани средства. Од Министерстото за животна средина и просторно планирање има повик на кој општините можат да аплицираат со проекти во делот на регулација на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода. Општина Василево има изработено техничка документација за уредување на канал во населено место Градашорци и на овој повик ќе учествува со таа техничка документација, градоначалникот на општина Василево, Марјан Јанев рече дека дека со кофинансирањето се зголемува можноста на општината Василево апликацијата да добие средства од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја стави на гласење оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница, од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема при што констатира Советот на општина Василево оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница на Советот на општина Василево е усвоена.

За работа на вонредната седницата беше предложен следниот дневен ред:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**1 Предлог – Одлука за сопствено учество на општина Василево за реализација на проектот за регулација на канал во село Градашорци**

Дневниот ред за работа на Советот на општина Василево на вонредната седница на Советот на општина Василево беше ставен на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата **Предлог – Одлука за сопствено учество на општина Василево за реализација на проектот за регулација на канал во село Градашорци** немаше друг пријавено за збор беше ставена на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот Крсте Панев ја затвори вонредната седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на Општина Василево

Претседател:

Крсте Панев